РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОДБОР ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА "8 СЕПТЕМВРИ"
BORDI PËR NDARJEN E ÇMIMIT "8 SHTATORI"
Бр.-Nr. 08-1673/1
29-07-2022 20 ___ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ОДБОР ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА НАГРАДА „8-ми СЕПТЕМВРИ"

Врз основа на Член 14 од Законот за државните награди („Службен весник на Република Македонија" бр.52/06, 54/07 и 74/12), Одборот за доделување на наградата „8-ми Септември", на седницата одржана на 29.07.2022 година донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТА НА ОДБОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „8-ми СЕПТЕМВРИ" – 2022 година

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се уредува начинот на работа на Одборот, составот и стручната комисија, постапката за доделување награда, роковите за распишување конкурс и поднесување иницијатива, начинот на предавањето на наградата, обликот и содржината на дипломите и други прашања во врска со доделувањето на наградата.

**Член 2**

Работата на Одборот е јавна.

За остварување на јавноста во работата на Одборот и Комисијата се грижи претседателот на Одборот, односно претседателот на Комисијата.

Одборот може да одлучи одделни прашања и без присуство на јавноста.

**Член 3**

Одборот обезбедува услови претставници на печатот и другите средства за јавно информирање да се запознаат со предлозите, другите матријали и одлуките за доделување на наградата.

**Член 4**

За правилна примена на одредбите од овој Правилник се грижи претседателот на Одборот.

## II. РАБОТА НА ОДБОРОТ

**Член 5**

Одборот работи и донесува одлуки на седници.

Седниците на Одборот се одржуваат по потреба.

Седниците на Одборот ги подготвува, закажува и со нив раководи претседателот на Одборот.

Ако претседателот на Одборот е спречен, седниците ги подготвува и свикува најстариот член кого ќе го избере Одборот.

Претседавачот, додека раководи со седницата, ги има сите права и должности на претседателот на Одборот.

**Член 6**

Претседателот е должен да свика седница по барање на најмалку 5 членови на Одборот или по барање на Комисијата.

Со барањето за свикување на седница на Одборот, се предлага и дневниот ред на седницата.

**Член 7**

Седниците на Одборот се свикуваат со покана, по писмен или електронски пат, со која се доставуваат и материјалите што се предлагаат во дневен ред.

Поканата и материјалите за предложениот дневен ред им се доставуваат на членовите на Одборот најмалку 3 дена пред денот определен за одржување на седницата.

Во итни случаи, рокот од претходниот став може да биде и покус.

**Член 8**

Членот на Одборот кој е спречен да присуствува на седницата, го известува претседателот на Одборот најмалку еден ден пред одржување на седницата.

**Член 9**

Одборот работи на основа на утврден дневен ред.

Дневниот ред го утврдува Одборот на почетокот на седницата.

Секој член на одборот може да предложи на дневен ред на седницата да се стават и други прашања од делокругот на Одборот.

**Член 10**

Одборот полноважно работи, ако на седницата се присутни најмалку две третини од членовите на Одборот.

**Член 11**

Одборот донесува правилник, одлуки, решенија и заклучоци.

Правилник за работа и одлука доделување на наградата, Одборот донесува со мнозинство гласови „за" од вкупниот број на членови на Одборот.

Решенијата и заклучоците за процедурални прашања се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Одборот,

Заклучоците ги формулира претседателот, а ги утврдува Одборот

Актите што ги донесува Одборот, ги потпишува претседателот на одборот.

**Член 12**

Одлуката за доделување Наградата се донесува со тајно гласање, доколку Одборот не утврди гласањето да биде јавно.

Ако одлуката за доделување на наградата се донесува со тајно галсање, резултатите од гласањето ги утврдува Комисија од три члена (претседател и два члена) што ја определува Одборот од својот состав.

Резултатите од тајното гласање ги претседателот на Комисијата од став 2 на овој член.

Одлуката за доделување на Наградата се соопштува на јавноста најдоцна 3 дена пред денот на врачување на Наградата.

**Член 13**

Одборот ги донесува одлуките врз основа на претходно изготвени писмени предлози од стручната Комисија.

**Член 14**

На седницата на одборот се води записник.

Записникот содржи: дата и место на одржување на седницата, имиња на присутните и отсутните членови на членови на Одборот, констатација за кворумот, дневен ред, решенија и заклучоци.

Претседателот и членовите на Одборот имаат право да бараат нивните изјави и предлози да се внесат во записникот.

Записникот го потпишува претседателот, а го усвојува Одборот на наредната седница. По заклучок на Одборот, на седницата може да се водат и стенографски белешки.

**Член 15**

Одборот и Комисијата може да организираат консултативни состаноци со претставниците на заинтересираните институции: национални спортски федерации, Македонски олимписки комитет и други организации и институции од областа на спортот, заради размена на мислења по прашања што се ргледуваат на седниците на Одборот, односно Комисијата.

**Член 16**

Претседателот или член на Одборот и на Комисијата ако се предложени за доделување на награда, не учествуваат во претресувањето и во одлучувањето за нивните остварувања.

## III. СОСТАВ И РАБОТА НА КОМИСИЈАТА

**Член 17**

За следење и увид во пријавените по Конкурсот за доделување на Наградата, Одборот образува стручна комисија за следење и увид во:

- Иницијативи за кандидатите за животно дело за исклучителен придонес за развојот на спортот, афирмацијата и промоцијата на Република Северна Македонија на меѓународен план и
- Инцијативи за кандидатите спортисти, тренери и спортски работници за остварувања во областа на спортот.

**Член 18**

Комисијата од Член 17 на овој правилник, е составена од претсдеател и четири членови.

Претседателот и членовите на комисијата ги именува одборот од редот на истакнати работници од дејноста спорт.

Мандатот на претседателот и членовите на комисијата трае две години.

**Член 19**

Комисијата има задача на Одборот да му поднесе мислење и предлози во врска со Наградата, согласно член 13 од Законот за државни награди.

**Член 20**

Комисијата може полноважно да работи ако на седницата се присутни најмалку две третини од членовите на Комисијата.

**Член 21**

Комисијата може да консултира и да бара писмени мислења од афирмирани спортски работници, тренери, спортисти и други стручни лица од областа на спортот за предложениот кандидат за Наградата.

**Член 22**

Комисијата врз основа на иницијативите, увидот, писмените изјави, јавните оценки и другата документација, изготвуваат писмен предлог за доделување на Наградата.

**Член 23**

Одредбите од Член 5 ,7 ,8 ,9 ,10 и 14 содржани во овој правилник соодветно се применуваат во работата на Комисијата.

## IV. ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА

**Член 24**

Одборот распишува конкурс за доделување на наградата во средствата за јавно информирање најдоцна до 30 дена пред денот на врачување на Наградата.

Содржината и условите на конкурсот ги утврдува Одборот на седница.

Право на конкурирање и поднесување на иницијативи имаат поединци, спортски клубови, национални спортски федерации и други организации од дејноста спорт.

Право на конкурирање и поднесување на иницијатива за Наградата за животно дело за исклучителен придонес во развојот на спортот, афирмацијата и промоцијата на Република Северна Македонија на меѓународен план, има матичната национална спортска федерација, поддржана од најмалки десет национални спортски федерации.

Една национална спортска федерација може да даде поддршка на само три кандидати за Наградата животно дело за исклучителен придонес во равојот на спортот, афирмацијата и промоцијата на Република Северна Македонија на меѓународен план.

Конкурсот трае не помалце од 15 дена.

**Член 25**

Комисијата ги поднесува писмените предлози до Одборот најдоцна до 5 дена по завршување на конкурсот.

**Член 26**

Дипломите и паричниот износ за добитниците на Наградата им се врачуваат на свечен начин на 8 септември, во годината во која се доделува Наградата.

**Член 27**

Дипломата содржи назив на Наградата, име и презиме на добитникот, за што е доделена Наградата. На дипломата се става печат што ги содржи грбот на Република Северна Македонија, текстот „Република Северна Македонија" и името на Одборот.

Плакета што се доделува на добитникот на Наградата за животно дело за исклучителен придонес во развојот на спортот, афирмацијата и промоцијата на Република Северна Македонија на меѓународен план е уметничка креација, а идејно и уметничкото решение го одобрува Одборот.

За доделените дипломи и плакети се води регистар.

Образецот на текстот на дипломата е составен дел од овој правилник.

**Член 28**

На Претседателот и членовите на Одборот и на претседателот и членовите на комисиите им следи паричен надомест за извршената работа.

Директорот на Агенцијата за млади и спорт со посебно решение ја утврдува висината на надоместокот од став (1) на овој член.

Средствата за Нградата ги одобрува и потпишува директорот на Агенцијата за млади и спорт.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 29**

Овој правилник влегува во сила од денот на неговото донесување.

Претседател
на Одборот за доделување на
Наградата „8-ми Септември"

Гордана Нацева

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ОДБОР ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА "8 СЕПТЕМВРИ"
BORDI PËR NDARJEN E ÇMIMIT "8 SHTATORI"
Скопје - Shkup